Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М."број 5/2002) и член 33, точка 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), Советот на Општина Пробиштип на седница одржана на 30.03.2023 година, донесе

# ОДЛУКА

## За усвојување на Годишната сметка на Буџетот на Општина Пробиштип за 2022 година и финансиски извештаи

### Член 1

Вкупниот износ на планираните и остварените приходи и расходи во 2022 година изнесуваат:

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **I Вкупни приходи** | **333.874.407** | **316.478.219** |
| - Даночни приходи | 47.939.339 | 58.876.631 |
| - Неданочни приходи | 17.680.000 | 8.423.904 |
| - Капитални приходи | 44.806.387 | 25.071.413 |
| - Дотации | 165.947.906 | 164.304.297 |
| - Трансфери | 52.390.405 | 52.282.676 |
| - Донации | 5.110.370 | 7.519.298 |
| **II Вкупни расходи** | **362.479.869** | **318.267.984** |
| - утврдени намени | 362.379.869 | 318.222.984 |
| - резерви | 100.000 | 45.000 |
| **III (Дефицит) - Суфицит** | **-28.605.462** | **-1.789.765** |
| **Финансирање** | **28.605.462** | **1.789.765** |
| | | |
| **Прилив** | 31.428.836 | 4.613.139 |
| - Приливи од домашни заеми | 0 | 0 |
| - Депозити | 31.428.836 | 4.613.139 |
| | | |
| **Одлив** | **2.823.374** | **2.823.374** |
| - Отплата на главнина | 2.823.374 | 2.823.374 |

**Член 2**

Разликата меѓу приходите и расходите е на износ од 4.613.139, додека отплатата на заемот претставува одливот на средства на износ од 2.823.374 денари.

**Член 3**

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи.

**Член 4**

Во посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Пробиштип за 2022 година се искажани планираните и извршените расходи по сметки и по ставки .

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Пробиштип за 2022 година ќе се објави во "Службен гласник на општина Пробиштип".

Број 26-372/16
30.03.2023 година
Пробиштип

Совет на Општина Пробиштип
Претседавач,
Борче Миланов